СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 ноември 1994 година

Скопје, ноември 1994 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ НА II-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА 19 НОЕМВРИ 1994 ГОДИНА**

1. АНДОВ СТОЈАН - стр.1
2. ГЛИГОРОВ КИРО - стр.3 - свечена изјава и говор

крај

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Втората седница на Собранието на Република Македонија одржана на 19 ноември 199 4 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија со почеток во 18,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, почитувани гости.

Ја отворам втората седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

Дозволете ми од мое и Ваше име да ги поздравам :

Претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров.

(долготраен аплауз).

Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија:

(долготраен аплауз)

Претседателот на Уставниот суд на Република Македонија;

(аплауз)

Претседателот на Републичкиот судски совет;

(аплауз)

Претседателот на Врховниот суд на Македонија;

(аплауз)

Претседателот на Републичката Државна изборна комисија.

(аплауз)

Началникот на генералштабот на Армијата на Република Македонија;

(аплауз)

Претседателот на Македонската академија на науките и уметностите;

(аплауз)

Ректорите на Универзитетот Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Универзитетот "Св. Климент Охридски " во Битола" ;

(аплауз)

Поглаварот на Македонската православна црква, архиепископот Охридски и Македонски господин, господин Михаил.

(долготраен аплауз)

Претседателот на старешинството на. исламската верска заедница во Република Македонија Хаџи Сулејман Ефенди Реџепи;

(аплауз)

Бискупот на скопско призренската бискупија господинот Јоаким Хербут;

(аплауз) и

дипломатските претставници на странските држави во Република Македонија;

(долготраен аплауз)

Согласно член 81 став 9 од Уставот на Република Македонија претседателот на Републиката пред преземањето на должноста дава свечена изјава пред Собранието.

Го молам претседателот на Република Македонија, господин Киро Глигоров да дојде на претседателската маса и да даде свечена изјава.

(ве молам да станеме)

I/3.-

(Аплауз).

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

**Изјавувам дека функцијата претседател на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно. Ќе го почитувам Уставот и законите и ќе го штитам суверенитетот, територијалниот интегритет и независноста на Република Македонија.**

**(Долготраен аплауз).**

**(Претседателот Стојан Андов му честита на господинот Киро Глигоров. Хорот на Македонската Радио Телевизија ја изведува химната "Денес над Македонија се раѓа").**

**(Аплауз).**

**СТОЈАН АНДОВ:**

**Го повикувам претседателот на Република Македонија, господинот Киро Глигоров да му се обрати на Собранието на Република Македонија.**

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

**Почитувани пратеници, Дами и господа,**

**Најпрвин би сакал на сите вас да ви го честитам изборот за пратеници во Собранието на Република Македонија, да ви пожелам**

**успешно остварување на вашата многу одговорна должност како членови на највисокото законодавно тело и да изразам уверување дека целосно ќе соработуваме за доброто и напредокот на Република Македонија.**

**Волјата на граѓаните на нашата земја изразена на овие избори, јасно говори за нивната демократска политичка определба и за одговорноста да се продолжи со политиката на мирот и независноста, со стопанските пазарни реформи, со јакнењето на правната држава, со развојот на меѓуетничката и верска толеранција и разбирање и со приклучување кон европските интеграциони процеси. Во таа смисла, Собранието на Република Македонија е пред крупни задачи, особено, од аспект на јакнење на неговата законодавна функција и избор на способна Влада, што се заедно побрзо ќе не доближи до поставените цели да се сочува стабилноста и обезбеди забрзан развој на нашата земја.**

**Дами и господа,**

**Затоа дозволете ми во оваа пригода па ви се обратам и да ги искажам основните принципи и цели на политиката што како претседател на Република Македонија, во рамките на моите уставни надлежности, ќе ја спроведувам во наредниот период.**

**I**

**1. Зад нас е периодот во кој ги оствaривме крупните, историски цели на нашиот народ: суверена и независна држава - Република Македонија, рамноправна членка на меѓународното семејство на народите. Со прогласувањето на нашата независност, со новиот Устав и меѓународното признавање, со нашата цврста**

**европска ориентација, Република Македонија стана фактор на мирот и стабилноста на југот на Балканот со што се создаде и нова историска стварност на балканската политичка карта. Во изминатите четири години ги воспоставивме темелите на парламентарната демократија и правната држава, со практика која го врати природниот амбиент на човековите и граѓанските права и слободи. Цврсто се определивме за пазарните реформи, свесни за тешките и објективни проблеми во периодот на транзиција. Проблемите во меѓунационалните односи ги решававме на единствено можен начин - во духот на нашата традиција, традиција на соживот и толеранција и врз меѓународните стандарди и практика.**

**Република Македонија денеска светот ја препознава и почитува токму по тие особености што:**

**- стекна независност по мирен и легитимен пат и не дозволи проширување на војната на југот на Балканот;**

**- не дозволи екстремниот национализам да доведе не само до внатрешна нестабилност, туку и до конфликт во регионот,**

**- смело ги започна пазарните реформи и покрај објективните економски тешкотии од војната во регионот, санкциите и грчките ембарга;**

**- остана доследна на определбата за развој на демократијата, цивилното општество и правната држава;**

**- со својата цврста европска ориентација покажа дека единствениот начин за враќање на достоинството на Балканот е неговото придружување кон европските институции и**

**- ги надмина историските оптоварувања на делбите и негирањата и со политиката на добрососедство и еднаков однос кон сите свои соседи, отвори нова перспектива на балканската безбедност и соработка.**

**Заради сето тоа би сакал многу јасно да речам дека тоа се стратешките политички определби врз кои ќе продолжам да ја остварувам функцијата на претседател на Република Македонија. Како континуитет на валоризираните вредности и принципи во изминативе четири години и со стратегија и програма за побрзо остварување на радикалните промени во економскиот и политичкиот живот.**

**2. Пред нас стојат исклучително сложени проблеми како на внатрешен, така и на меѓународен план. Тоа бара голема активност, голема одговорност и нужен политички реализам.**

**а) Му припаѓаме на денес најневралгичниот европски регион - Балканот. Војната на север од нас добива нови димензии кои укажуваат не само на опасност од нејзино продолжување и проширување, туку и на неефикасноста на Меѓународната заедница брзо да се постигне мир. Последиците од таа војна се жестоки и за нас и за целиот регион. Прекинот на стопанските и сообраќајни комуникации, санкциите и несигурноста во регионот се објективни пречки за развојот на земјите на Балканот.**

**Сето тоа влијае и на опстојувањето на анахрони состојби во односите меѓу балканските земји кои почиваат било врз историски митови и фрустрации, било врз рецидивите од историските конфликти, биполарноста и студената војна. Дополнителни тешкотии создаваат крупните економски и социјални проблеми во**

**најголемиот број балкански земји што се во транзиција. Национализмот, пак, и врз негова почва концепираните експанзионистички политики, се скоро типичен балкански синдром, актуелен и денес. Скоро и не постојат балкански земји кои не се соочени со затегнати меѓусебни односи и недоразбирања во врска со правата на сопствените малцинства.**

**Од друга страна, токму врз тие балкански историски поделби и денес се прават обиди за нови балкански здружувања или поточно речено поделби на регионот врз етничка, верска или политичка основа. Интересните сфери се тој втор рецидив и анахронизам кој опстојува како закана.**

**Во исто време, очигледно е отсуството на реална и конзистентна европска стратегија за решавање на балканските конфликти, односно за отворање на побрз процес на европеизација на Балканот. Дури и како европски анахронизам, денес се случува единствената балканска членка на Европската унија да создава затегнатост во регионот спротивно на принципите и законите на самата Унија. Денес на Балканот се уште има земји кои меѓу себе не воспоставиле дипломатски односи иако се непосредни соседи!**

**Тоа се елементите кои во значителна мера ја обременуваат балканската стварност во блиска иднина. И токму тие се главната пречка за негово побрзо претворање од "буре барут" во зона на мирот и пријателството.**

**б) На конкретен план, пак, за Република Македонија тоа се индикаторите кои говорат во прилог на нашиот став дека независна Република Македонија е клучот за мирот на југот на Балканот, зашто**

**со тоа дефинитивно се става точка на намерите за нови поделби на нејзината територија и присвојување на македонскиот народ што цел еден век беше причина за балкански војни, и второ, дека политиката на еквидистанца во односите со соседите и нашиот вистински национален интерес и најсигурна гаранција за опстанокот на нашата држава и народ.**

**Во таа насока ќе продолжиме со нашата активна политика за развој на добрососедството и за европеизација на Балканот. Врз принципите на рамноправност и соработка, почитување на постојните граници и нивно отворање за целосен проток на луѓе, добра и идеи. Врз принципите за решавање на сите проблеми по пат на политички дијалог и заемно уважување и со цврста определба дека правата на малцинствата во секоја балканска земја треба да се решаваат согласно на обврските на тие земји кон документите и стандардите на ЌЕБС и ООН. Врз таа основа е нашата уставна обврска да се грижиме за правата на нашите малцинства ЕО соседните земји.**

**в) Врз тие принципи, останува нашиот целосен интерес за развој на соработката со сите наши непосредни соседи.**

**Со Република Албанија започнатиот позитивен тренд на соработката ќе го продолжиме, уверени дека ни од далеку не се искористени потенцијалите, особено на планот на стопанската и политичката соработка, јакнењето на сообраќајните комуникации и заедничкиот интерес за развој на правата на Албанците во Република Македонија и Македонците во Република Албанија.**

**Со Република Грција, за жал во овој момент, не по наша вина, имаме граница која е практично херметички затворена, која е веројатно најзатворената балканска и европска граница. Штетите од тоа се огромни и економски и политички. Важен и актуелен пункт во нашата надворешна политика и натаму претставува нашето ангажирање за разрешување на спорот што ни е наметнат во односите и соработката со соседна Република Грција. Во врска со тоа пред овој висок дом, пред целата македонска и светска јавност би сакал уште еднаш јасно да ги нагласам следниве позиции од кои што ќе се раководиме и во наредниот период.**

**Пред се Република Македонија е вистински заинтересирана за развој на добрососедски и пријателски односи со Република Грција. За таа цел, како и во интерес на мирот и безбедноста на целиот регион, ние и порано сме искажувале готовност, а и сега сме готови, да пристапиме кон потпишување на меѓудржавен договор со Република Грција за неповредливост на нашата меѓусебна граница. Тој договор, според нас, би можел да биде гарантиран од страна на Обединетите нации, Европската заедница, Соединетите Американски Држави итн.**

**Натаму од ова место сакам свечено да изјавам дека Уставот на Република Македонија не содржи никакви територијални претензии или изрази на мешање во внатрешните работи на Грција, како и на другите наши соседи.**

**Би сакал посебно да истакнам дека ќе продолжиме со политиката на добрососедство и пријателство со сите земји. Притоа, во нашите односи со соседите или со било кои други земји, нема да преземаме ништо што би било упатено против безбедноста на Република Грција или било која друга наша сосетка како впрочем**

**што и досега беше нашата политика. Што се однесува до нашата соработка со Република Грција би сакал да го нагласам нашето убедување дека таа може да биде клучен елемент на мирот и безбедноста на целиот регион.**

**Во врска со ова би сакал посебно да ја изразам нашата цврста определба, заинтересираност и готовност да го продолжиме дијалогот за барање решенија на постојниот македонско - грчки спор со цел да се оствари тесна и добрососедска соработка меѓу двете земји. Во таа смисла изјавувам дека сме спремни да разговараме за сите прашања од значење за македонско - грчките односи што не го загрозуваат нашиот национален идентитет, како и достоинството на нашата земја и нашиот народ. Спремни сме да разговараме за сите прашања, но од позиција на рамноправни и суверени земји со меѓусебно почитување и добра волја.**

**Убеден сум дека овие позиции ја имаат широката поддршка од нашиот народ и дека го изразуваат уверувањето и на Собранието на Република Македонија, бидејќи тие претставуваат наш конкретен придонес и чекор што треба да овозможи да се создаде клима на доверба како основна претпоставка за разрешување на спорот меѓу нашата земја и Грција, а во интерес на мирот и безбедноста на Балканот.**

**Со соседна Република Бугарија, исто така, треба да продолжи започнатиот позитивен тренд во соработката. Отворањето на новата, природна комуникација исток - запад што е интерес на сите земји во регионот, отвора големи перспективи за сите соседни земји. Веруваме дека оваа соработка се повеќе ќе станува израз на балканската политичка стварност и ќе се остварува ослободена од**

историските оптоварувања во однос на Република Македонија и македонската нација.

Со соседна СР Југославија, за жал, се уште сме меѓусебно непризнати. Тоа сериозно ги оптоварува не само довербата и меѓусебните односи, туку и поширокaта стабилност на југот на Балканот. Ние сме уверени дека што е можно поскоро треба да дојде до меѓусебно признавање и воспоставување на дипломатски односи, тие можат да бидат почеток на успешна соработка.

г) Вториот битен елемент на нашата надворешна политика е долгорочната ориентација за интегрирање со Европската унија и колективните системи на безбедност.

Нашата внатрешна политика, системскиот и уставен концепт, како и нашата надворешна политика се идентификуваат токму со принципите на новата I европска архитектура. Тоа е единствената алтернатива за мирниот и просперитетен развој на Република Македонија и нејзино рамноправно вклучување во пошироките европски, економски, политички, културни и безбедносни прилики, а, на овој регион ј ние природно му припаѓаме.

За жал преговорите за асоцирање со Европската унија се блокирани само заради правото на вето во Европската унија, на нашиот јужен сосед. За жал, 1 денес практично границата на Европската унија со Република Македонија е под ембарго. Истото се случува и со најголемиот европски апсурд - членството на Република Македонија во ЌЕБС и придружувањето кон проектот на НАТО - "Партнерство за мир" да биде блокирано.

**Затоа ќе ја продолжиме политиката за:**

**- постапно придружување кон Европската унија. Веруваме дека преговорите за трговска и политичка соработка конечно ќе започнат;**

**- за зачленување во ЌЕБС, бидејќи е тоа примарен интерес и наш и на конференцијата. Отсуството на Република Македонија од ЌЕБС е голем минус на самата организација и нејзините основни задачи кои се обезбедување ма мирот и стабилноста во регионот и во Европа;**

**- за зачленување во Советот на Европа, процедурата за тоа веќе успешно тече и**

**- за придружување кон "Партнерство за мир", со долгорочна ориентација да станеме членка на НАТО.**

**д) Република Македонија ќе ја продолжи и својата активна политика и дејствување во рамките на ООН. Уверени сме дека како мала, но мирољубива земја, имаме особено значење како фактор на мирот во регионот. Факт. кој го прифати и светската организација, упатувајќи ги во превентивна акција силите на УНПРОФОР во Република Македонија. Стабилноста и независноста на нашата земја, со тоа се потврди како долгорочен интерес на светската организација. Во тие рамки ние го прифаќаме и остварувањето на македонско - грчките преговори во рамките на ООН.**

**ѓ) Во оваа пригода посебно сакам да се осврнам и на развојот на американско - македонските односи. Прашање кое има извонредно значење за нас, пред се, заради фактот што се работи за**

**пријателски односи кои веќе се одвиваат со позитивен тренд. Особено присуството на американските војници во составот на УНПРОФОР во нашата земја, поддршката што САД ни ја дава во рамките на меѓународните институции и организации и непосредната хуманитарна, техничка и економска помош. Токму заради тоа, сметам дека брзото воспоставување на целосни дипломатски односи се нужен и логичен чекор, кој ние го очекуваме што ќе ги потврди тие односи и пошироко, ќе влијае стабилизирачки во регионот.**

**е) Значајни политички, економски и културни врски и интереси не упатуваат на плодна соработка со Руската Федерација што бара од двете страни поактивен ангажман во непосредната иднина. Со Кина, која покажа со признавањето на нашата земја принципиелно разбирање и пријателски однос кон малите земји и нивните права, односите добро се развиваат и се отвораат перспективи за економска соработка. Јапонија, како просперитетна држава определена за мир, со своето големо економско и технолошко искуство, ја покажа спремноста да ни помогне и се отвораат добри перспективи за пријателска соработка.**

**II**

**Дами и господа,**

**Пред нас е период и на крупни промени во внатрешниот живот на Република Македонија. Прашања кои се од примарно значење за нас. Се работи, пред се, за нужните длабоки економски промени и стабилизирање на економијата. За целосно заживување на**

**цивилното општество и правната држава, особено за доградбата на судската власт, ефикасноста на извршната власт и јакнењето на законодавната власт. За натамошен развој на меѓунационалните односи во духот на разбирањето и толеранцијата и остварување на правата на националностите. Тоа се основните полуги на внатрешната стабилност и развој на Република Македонија.**

**1. Во сферата на економијата исправени сме пред многу сложени задачи. Верувам дека тие ќе бидат вистински предизвик за ова Собрание и за новата Влада со конзистентна програма да ги решаваме едно по друго, но имајќи ги предвид и перспективата и притисокот на времето. И тука е неопходен сосема реалистичен приод. Најпрвин нема отстапување од определбата дека развојот на пазарната економија е единствената можна алтернатива. Причина заради која, час поскоро, треба да се забрзаат започнатите процеси на приватизацијата и структурните промени. Нивната реализација, со поддршка од европските и светските финансиски институции е веројатно најзначајното прашање за Република Македонија во овој момент.**

**Тоа е основната претпоставка за остварување и на Стабилизационата програма и за отворање нов инвестиционен циклус, толку неопходен во Република Македонија.**

**Во тие рамки ќе се решаваат и горливите проблеми на невработеноста, стечаите и стечајните работници, социјалната помош и заштита.**

**Во исто време мора постојано да бидеме свесни за фактот дека транзицијата е болен процес и дека реформите создаваат и сериозни социјални, психолошки и политички тензии, односно дека тоа има своја социјална цена. Најважно од се е, меѓутоа да се сфати**

**дека алтернатива на пазарните реформи може да биде или економски хаос или повторна логика на државна економија. Затоа, уверен сум дека во наредните четири години реформите мора да бидат стратешка определба, со јасна програма за решавање на социјалните последици од тоа.**

**Исто така, мораме да водиме сметка за објективните надворешни крупни проблеми што ја отежнуваат нашата економска состојба: продолжувањето на грчкото ембарго, последиците од санкциите спрема СР Југославија и неразвиените алтернативни комуникации.**

**2. Во сферата на развојот на демократијата, исто така, остануваме доследни на основните цели:**

**- Цивилното општество, кое во рамките на уставниот граѓански концепт веќе ги покажа и во овој кус период, големите предимства на парламентарната демократија и повеќепартискиот систем, човековите права и слободи и изградбата на демократска јавност;**

**- Јакнењето на правната држава е од особено значење. Во прв ред е натамошната доградба на судската власт и секако, изградбата на ефикасна извршна власт. Цел за која се неопходни и крупни промени во државната администрација;**

**- Независна судска власт и почитување на судските одлуки е битна претпоставка граѓанинот да има сигурност дека може да дојде до праведна одлука. Тоа, пак, во голема мера го определува неговиот однос кон државата. Со тоа ќе се изгради и однос кон судиите како луѓе кои треба да уживаат високо почитување во општеството;**

**- Пред ова Собрание стојат и крупните задачи од законодавството. Пред вас се или ќе се најдат, низа клучни законски проекти од кои зависат промените и вкупниот општествен амбиент во Република Македонија и**

**- Државната управа, формирана и наследена од еден друг системски амбиент не одговара на потребата на демократското и цивилното општество во кое таа мора буквално да стане сервис на граѓанинот. Брзото реагирање на секое барање на граѓанинот, пресретливоста и целосното внимание до секој граѓанин треба да го одрази тој изменет однос. Во принцип ниеден граѓанин не смее да остане без одговор во најкусо можно време, за секое свое барање, со спремност на било кој орган да го посоветува граѓанинот, да го упати на надлежната служба и да му помогне. Затоа одговорноста на секој службеник мора да се подигне на високо ниво. Тромоста, неодговорноста и чувството дека зад секој шалтер се среќавате со власт што треба да ви подели милост е неспоива со однесувањето на било кој државен орган спрема наш граѓанин во една демократска земја.**

**Со криминалот, митото и корупцијата се соочува секое општество, но во таканаречените држави во транзиција во кои се менува скалата на вредностите еродираат моралните вредности, во услови на промена на сопственоста и социјалните превирања што се во тек, овие појави добиваат исклучително значење и претставуваат голема опасност за развојот на демократијата, безбедноста и сигурноста на граѓанинот и неговиот имот. Иако во Македонија во споредба со другите посебно во врска со така наречениот организиран криминал, сите овие појави немаат**

димензии како во другите земји во слична положба, опасноста не треба да се потценува, не е помала.

Сите органи треба да се соочат со неа и да дејствуваат по сите линии за нејзино ефикасно попречување.

Во демократско и пазарно општество сите јавни функции, сакам да нагласам, не се како во поранешниот систем, места за вработување и за богатење. За таа цел се бизнисот и приватната иницијатива. Државните и јавните функции никого не смеат да збогатат. Тие можат да донесат пред се на секого кој се занимава со јавна работа место во општеството, чест и признанија дека одредена личност во одредено време нешто сториле за државата и за народот. Така се создава демократска традиција и однос спрема сопствената држава. Затоа сметам дека не треба да се прифаќа за државна и јавна функција секој оној кој не е подготвен да биде постојано под лупата на јавноста, да изгуби многу од приватноста и обратно со пожртвувана работа да спечали јавен респект заради подготвеноста да служи на државата и на општествените интереси.

(Аплауз).

Дами и господа,

3. Развојот на меѓунационалните односи е едно од најважните прашања за нашата земја. Во изминатиот период се покажа дека политиката на рамноправност, на разбирање и толеранција, е

ефикасна претпоставка за нашата внатрешна стабилност. Нејзината реализација за среќа постепено ги намалува разните радикални националистички и популистички влијанија во земјата. Се покажа дека најголемото мнозинство граѓани на Република Македонија, независно од нивната етничка и верска припадност, се определени за мир и соживот, за развој на меѓунационалните односи и врз сопствената традиција, наша на овие простори и меѓу народните норми.

Но и во оваа сфера ние објективно сме соочени со значајни прашања. Би сакал по овој повод да речам дека последниот попис на населението во Република Македонија остварен со меѓународна контрола стави точка на разните произволни процени од разни страни, од различни земји за етничкиот состав на населението во Република Македонија.

Се создава реално политичко тло да започне решавањето на проблемите кои постојат во оваа сфера. Нив не треба да ги негираме, се покажа, исто така, дека најефикасниот начин за нивно решавање е рамноправниот политички дијалог и заедничката конкретна одговорност, остварувана со непосредно учество во власта на претставниците на одделни политички партии на националностите. Бидејќи тоа се не само високо чувствителни, туку и витални прашања за развојот на демократијата и стабилноста на земјата. Што е многу важно, тоа покажа дека правата на националностите можат единствено така да се решаваат, а не ниту надвор од системот, ниту со туторство и мешање од било каде, туку така во политичките и државните институции со заедничка акција и разбирање. Се друго во принцип се на штета не само за земјата, туку за самата националност. Дотолку повеќе што политичката зрелост и

**граѓанската припадност националностите и нашиот народ ја потврдија во Република Македонија дека таа е татковина на сите.**

**Во рамките на моите уставни надлежности јас доследно ќе останам на тој концепт на развојот на меѓунационалните односи и заради неговата длабоко хуманистичка ориентација, и заради духот на вековниот соживот во оваа земја, и заради нејзиниот европски лик кој меѓу другото и со тоа се потврдува и заради доброто на секој нејзин одделен граѓанин, независно од неговата национална, верска или политичка припадност.**

**Прашањата што постојат, а ги има во образованието и во другите сегменти, единствено можеме да ги решаваме заедно, со аргументи, во дијалог и во рамките на Уставот и законите. Тоа е единствениот добар и ефикасен начин.**

**III**

**Почитувани пратеници,**

**Токму по овој повод сакам да ја повторам мојата цврста определба дека функцијата претседател на Република Македонија во согласност со уставните овластувања ќе ја остварувам како претседател на сите граѓани на Македонија, независно од нивната партиска, политичка, етничка или верска припадност.**

**Нам заедно - на овој состав на Собранието, на новата Влада што ќе ја изберете и на мене како претседател, граѓаните ни ја доверија одговорноста и довербата да ја водиме земјата во наредниот период. Тоа е голема, сложена и крајно одговорна задача во денешниве историски околности.**

**Верувам дека ќе ја оправдаме довербата на граѓаните и дека со нивна неподелена поддршка ќе направиме се за натамошниот развој на демократијата, за економскиот просперитет на Македонија, напредок и за меѓународниот углед на Република Македонија. За доброто на секој човек на нашата татковина.**

**Благодарам.**

I/21.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на претседателот на Република Македонија Г-дин Киро Глигоров за неговото обраќање пред Собранието на РМ.

Пред да ја заклучам Втората седница, сакам да ве информирам дека третата седница ќе ја одржиме на 23 во среда.

Сега ја заклучувам втората седница на Собранието на РМ.

(Седницата заврши во 18,50 часот).